Рарш
05.08.2020

До: **Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен -Скопје.** (имател на информацијата)

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Komisioni Shtetëror i Vendimmarrjes në Procedurë Administrative dhe në Procedurë të Marrëdhënies së Punës në Shkallën Dytë
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 05.08.20 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia org | Број Numri | Прилог Shtojca | Вредност Vlera: |
| 1005 - | 972/1 | | |


## БАРАЊЕ

### за пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Македонија бр.13/ 01.02.2006 год.), од имателот ја барам следната ин

формација од јавен карактер:

Во врска со ваша пратка по ПТТ под Бр.1107-045/2 (09-06-2020г.) која поради болеста не бев во можност да ја подигнам вие ветивте дека повторно ќе ми ја доставите преку ПТТ - но до денешен ден не ми ја доставивте. Поради тоа: **Барам да ми доставите копија од вашето писмено под Бр.1107-045/2/2020г. на мое име. Копијата да биде со потврда дека е верна на оригиналот.**

(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:

- в) **фотокопија** (со потврда дека е верна со оригиналот)

Начин на доставување на информацијата:

- а) **по пошта** ( со препорачана пратка )

**Барател на информацијата:** [redacted]

**Скопје**

(странка во наведените предмети од кои се барат информациите)

---

(назив, име и презиме, адреса, тел, факс, е-маил)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

ПОДНОСИТЕЛ: [redacted]

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен**

21.08 2020 година

**Архивски број:** 1005-972/3

**До:** [redacted]

**Предмет: Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

Почитуван,

Во врска со Вашето барање за слободен пристап до информации од јавен карактер доставено до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен и заведено со архивски број 1005-972/1 од 05.08.2020 година, Ве известуваме за следново :

Државната комисија во прилог на овој одговор Ви го доставува Известувањето со наш број 1107-645/2 од 09.06.2020 година во форма и на начин како што е наведено во Вашето барање за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Воедно, Ви укажуваме дека по добивање на Вашето барање од 26.05.2020 година, Државната комисија изготви Известување со наш архивски број 1107-645/2 од 09.06.2020 година, кое беше испратено до Вас и вратено со назнака на писмото „ направен обид за достава." Во тоа известување е наведено дека жалбите од Ваша страна на ден 26.03.2020 година и 14.04.2020 година не се доставени до Државната комисија.

Откако беше изготвено Известувањето со наш број 1107-645/2 и истото беше вратено, жалбата поднесена од Ваша страна во врска со Пресуда на Управен суд У6.бр.278/2017, која на ден 14.04.2020 година е доставена до Државната комисија беше пронајдена. Поради тие причини беше изготвено ново Известување со наш број 1107-645/3 од 10.07.2020 година и истото беше проследено до Вас.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ДАНИЦА ЧАДИЕВА**

*Прилог: Известување со наш број 1107-645/2 од 09.06.2020 година ( фотокопија ос печат „ верно на оригиналот"*

*Изготвил:* [redacted]


Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Кеј Димитар Влахов бр.4, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3211 343
www.dkz.mk